# „Шест се правата на еден муслиман кон друг муслиман." Прашале: „Кои се тие, о Аллахов пратенику?" Одговорил: „Кога ќе го сретнеш, поздрави го со селам; кога ќе те повика, одѕви се на повикот; кога ќе ти побара совет, посоветувај го; кога ќе кивне и изговори ‚елхамдулиллах’, посакај му милост велејќи ‚јерхамукаллах’; кога ќе се разболи, посети го; и кога ќе умре, следи го до неговата џеназа.“

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Шест се правата на еден муслиман кон друг муслиман." Прашале: „Кои се тие, о Аллахов пратенику?" Одговорил: „Кога ќе го сретнеш, поздрави го со селам; кога ќе те повика, одѕви се на повикот; кога ќе ти побара совет, посоветувај го; кога ќе кивне и изговори ‚елхамдулиллах’, посакај му милост велејќи ‚јерхамукаллах’; кога ќе се разболи, посети го; и кога ќе умре, следи го до неговата џеназа.“
[صحيح] [رواه مسلم]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, појаснил дека меѓу правата на муслиманот кај неговиот брат муслиман се шест работи: Прво: Кога ќе го сретне – да го поздрави со зборовите „ес селаму алејкум“, а другиот да му возврати: „ве алејкум селам“. Второ: Да се одзвие на неговата покана – како за свадбена вечера или при друг повод. Трето: Да му даде искрен совет кога ќе го побара – без лицемерие и без измама. Четврто: Кога ќе кивне и ќе изговори „елхамдулиллах“ – да му посака милост со зборовите „јерхамукеллах“ (Аллах нека ти се смилува), а тој да возврати: „Јехдиекумуллах ве јуслих балекум“ (Аллах нека ве упати и нека ви ја подобри состојбата). Пето: Да го посети кога ќе се разболи. Шесто: Да му клања џеназа намаз кога ќе умре и да ја следи неговата џеназа додека не биде закопан.

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY

لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC
E-Da'wah Committee